Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Сектор за уредување на просторот

23 Март, 2023 година

**Архивски број : 67-584/7**

**Врз основа на член 49 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ, бр. 32 од 10.2.2020 година) Министерството за транспорт и врски ја донесе следната:**

# О Д Л У К А

**За организирање на**

**ОПШТ ЈАВЕН ПОВИК ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА РАСПРАВА, ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И СТРУЧНА РАСПРАВА ПО УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ СО НАМЕНА ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА НА ДЕЛ ОД КП 1246, КП 934, НА ДЕЛ ОД КП 935/1, НА ДЕЛ ОД КП 935/2, КП 935/3 И НА ДЕЛ ОД КП 949, КО БИСТРЕНЦИ, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА, НАД 10 MW**

Со оваа одлука се организира јавна расправа, јавна презентација и стручна расправа за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење со намена градби за производство на енергија на дел од КП 1246, КП 934, на дел од КП 935/1, на дел од КП 935/2, КП 935/3 и на дел од КП 949, КО Бистренци, општина Демир Капија, над 10 MW.

Соопштението за организирање на јавната расправа и стручна расправа ќе биде објавено во две јавни гласила, веб страната на Министерството за транспорт и врски, веб страната на Општина Демир Капија и информацискиот систем е-урбанизам.

Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење со намена градби за производство на енергија на дел од КП 1246, КП 934, на дел од КП 935/1, на дел од КП 935/2, КП 935/3 и на дел од КП 949, КО Бистренци, општина Демир Капија, над 10 MW ќе биде достапен за увид на стручната јавност и јавно презентиран од 10.04.2023 година до 09.05.2023 година на веб страната на Министерството за транспорт и врски како и во информацискиот систем Е-урбанизам. Исто така во хартиена форма примерок од урбанистичкиот план ќе биде изложен на увид на стручната јавност во просториите на Министерството за транспорт и врски и општина Демир Капија.


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина“ бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Сектор за уредување на просторот

Јавната расправа ќе се одржи на ден 10.05.2023 (среда) во 10 часот во просториите на Министерството за транспорт и врски.
Стручната расправа ќе се одржи на 17.05.2023 (среда) во 10 часот во просториите на Министерството за транспорт и врски.

Учесниците во стручната расправа можат да ги доставаат своите забелешки најдоцна во рок од 15 дена од одржувањето на стручната расправа. Забелешките ќе бидат составен дел на записникот од стручната расправа, врз основа на кој се изготвува извештај од стручната расправа, што го изработува стручна комисија формирана од донесувачот на планот.

МИНИСТЕР
БЛАГОЈ БОЧВАРСКИ

Изработил: Даниела Деспотовска Сековска, диа
Одобрил: Илина Лалкова, диа
Помошник Раководител на Сектор за уредување на просторот


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина " бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk